# Извештај за транспарентност 2015 година

EY Македонија



EY
Building a better working world



# Содржина


Писмо од локалниот партнер за управување ........ 3

Порака од лидерот за осигурување квалитет од *ЕУ* Македонија ........ 4

За нас ........ 5

Правна структура, сопственииштво и управување ........ 5

Поставеност на мрежата ........ 6

Посветеност на квалитет ........ 9

Инфраструктура за поддршка на квалитетот ........ 9

Примена на професионални вредности ........ 10

Внатрешен систем за контрола на квалитет ........ 11

Прифаќање клиенти и продолжување соработка ........ 12

Вршење ревизии ........ 13

Преглед и консултации ........ 14

Ротација на партнерите за ревизија ........ 15

Проверки на квалитетот на ревизиите ........ 16

Надворешна проверка на квалитетот на ревизијата ........ 17

Усогласеност со законските барања ........ 17

Типови практика на независност ........ 18

Континуирано образование на овластените ревизори ........ 20

Приходи и надоместоци ........ 21

Финансиски информации ........ 21

Исплаќање надомест на партнерите ........ 21

Прилог 1. Клиенти за ревизија на *ЕУ* Македонија ........ 23

Прилог 2. Изјави на раководство ........ 23


Повеќе информации може да најдете на ey.com



# Писмо од локалниот партнер за управување



Повелете, Извештајот за транспарентност на *EY* Македонија за 2015 година. Цениме што нашите заинтересирани страни сакаат да знаат што ние правиме за да се унапреди квалитетот на ревизијата, управувањето со ризик и почитувањето на нашата независност како ревизори. Овој извештај е еден од начините преку којшто ние споделуваме со Вас, нашите заинтересирани страни, што правиме во секоја од горенаведените области.

Извршувањето на висококвалитетните ревизии е сè уште приоритет број еден и е во срцта на нашата способност да служиме на јавниот интерес и на успешниот и одговорен раст на *EY* мрежата, преку постигнување на нашата цел – градење подобар работен свет. Ревизорите играат витална улога во ефикасното функционирање на нашите пазари на капитал, преку промовирање на транспарентноста и поддршка на довербата на инвеститорите. Компаниите, регулаторите и други заинтересирани страни се потпираат на нас за испорака на квалитет и совршеност во секој ангажман.

*EY* е фокусиран на инвестирање средства за подобрување на работите што ги извршуваме, создавајќи тимови со високи постигнувања, и фокусирајќи се на градење на довербата воопшто, како и доверба во ревизиите што ги извршуваме.

Редовниот дијалог со нашите заинтересирани страни и понатаму останува приоритет за мене и моите колеги. Во текот на изминатата година сум разговарал со многу наши заинтересирани страни, со цел да ги воочам Вашите погледи и мислења. Ви благодарам на сите кои одделивте дел од Вашето време за да ги споделите Вашите мислења со нас, во 2015 година.

Ги охрабрувам сите кои го читаат овој извештај – инвеститорите, членовите на Одборот за ревизија, компаниите, регулаторите и сите заинтересирани страни – да продолжат да соработуваат со нас за нашата стратегија, како и за кое било од прашањата што се опфатени во овој извештај.

Николај Гарчев
Партнер за управување со земјата
*EY* Македонија

**Нашата цел: Градење подобар работен свет**

*EY* е посветен да ја извршува својата улога во градењето подобар работен свет.

Извршените увиди и квалитетот на услугите што ги нудиме, помагаат во изградбата на доверба и доверба во пазарите на капитал и во економиите во светот. Ние усовршуваме истакнати лидери кои работат во тимови за реализација на нашите ветувања кон заинтересираните страни. Притоа, играме клучна улога во градењето подобар работен свет за нашите вработени, за нашите клиенти и за нашите заедници.



# Порака од лидерот за осигурување квалитет од ЕY **Македонија**



*EY* Македонија обезбедува важна улога од јавен интерес, како ревизор на компании од јавен интерес. Оваа улога е од суштинско значење за нашата цел, вредности, управување и процеси. Угледот на *EY* Македонија се заснова на обезбедувањето висок квалитет, професионални ревизорски услуги со објективност и етички вредности на секоја компанија којашто ја ревидираме.

Продолжуваме да ги прифаќаме целите на транспарентноста на 8-мата Директива на Европската унија за компании и македонскиот Закон за ревизија, коишто бараат законски ревизори на Македонија за субјектите од јавен интерес да објавуваат годишни извештаи за транспарентност.

Овој извештај за транспарентност на *EY* Македонија за 2015 година е во согласност со Директивата и македонскиот Закон за ревизија и ја опфаќа календарската година што завршува на 31 декември 2015 година. Во овој извештај ќе можете да прочитате повеќе за нашиот систем за внатрешна контрола: како воспоставуваме професионални вредности, како вршиме ревизија, нашиот преглед и процес на консултации, како и нашиот процес за проверка на квалитетот на ревизијата.

*EY* Македонија континуирано се фокусира на подобрување на квалитетот на нашата ревизија, што може да се види и од внатрешните и надворешните наоди на инспекциите. Постојаното подобрување на квалитетот на ревизијата може да бара претходни предизвикувачки пристапи за извршување ревизија, и ние се фокусираме на постојано подобрување со оценување на сите наоди од инспекциите и на преземање соодветни мерки.

На глобално ниво, *EY* има повеќенасочен одржлив квалитет на ревизија (SAQ), напор којшто е во функција на поддршка на извршување на ревизиите со највисок квалитет. Овие напори вклучуваат воведување нови алатки и методологии за ревизија, зголемена поддршка и оспособување на ревизорските тимови, како и интензивирање на комуникациите за зајакнување на важноста на квалитетот на ревизија.

Николај Гарчев
Лидер за ревизија за земјата
ЕY Македонија



# За нас

## Правна структура, сопственишство и управување

Во Македонија, Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО е друштво со ограничена одговорност, основано во Скопје, Република Македонија, и е член од Ернст и Јанг глобал лимитед, компанија од Обединетото Кралство, ограничена со гаранција (ЕУГ). Во овој извештај се именуваме како ЕУ Македонија,„ние",„нас" или „наш/наша/наше/наши". *EY* се однесува заеднички на глобалната организација на компании-членки на ЕУГ.

Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО беше основана на 14 август 1997 година како компанија со ограничена одговорност, со акционерски капитал во износ од 1.887.500 денари. Сопственичката структура во ЕУ Македонија е следна:

- Ернст и Јанг Југоисточна Европа паблик лимитед Никозија, со седиште на Стасиноу бр. 6, кула „Жан Нувел", 1060 Никозија, Кипар, со сопственишство од 49% или 924.900 денари од капиталот на друштвото;
- Владимир Соколовски, овластен ревизор од Република Македонија, со 48% или 906.000 денари од капиталот на друштвото;
- Јасна Дуковска-Јегени, овластен ревизор од Република Македонија, со 3% или 56.600 денари од капиталот на друштвото;

Друштвото Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО е регистрирана под број ДР007 во Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и е носител на лиценца за работа бр. 07-328/1 и регистарски број на лиценца 11, од 12 јули 2013 година, издадена од Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Македонија. Главната дејност е регистрирана под број 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

*EY* Македонија е носител на годишна осигурителна полиса за одговорност (полиса бр. 13040000065/00), со период на осигурување од 1 јуни 2015 година до 1 јуни 2016 година и осигурана премија којашто е над потребниот законски минимум, утврден согласно Законот за ревизија, применлив во Република Македонија.

Седиштето на *EY* Македонија е лоцирано на Бул. 8-ми септември бр. 18, зграда 3, 4 кат, 1000 Скопје, Република Македонија.

Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО има филијала во Тирана, Албанија, со седиште на Дибре, Година, Обсерватор Кати 7.

Заклучно со 31 декември 2015 година, *EY* Македонија има 19 вработени, од кои тројца вработени се овластени ревизори за Република Македонија.

Ревизорското друштво е раководено од тројцата сопственици, преку назначени менаџери. Друштвото има двајца администратори, г-н Николај Гарнев и г-ѓа Јасна Дуковска*

**На 29 февруари 2016 година, и г-ѓа Јасна Дуковска беше заменета од г-н Владимир Соколовски.*

*EY*, исто така вклучува друго друштво, членка на *EY* Глобал во Македонија, Ернст и Јанг услуги ДООЕЛ, друштво со ограничена одговорност, основано во Скопје, Република Македонија.

Компаниите-членки на *EY* се групирани во четири географски области: Северна и Јужна Америка, Азија - Пацифик, ЕБИИА (Европа, Близок Исток, Индија и Африка) и Јапонија. Областите вклучуваат повеќе региони во коишто имаа компании-членки или делови од тие компании.

Нашата област ЕБИИА се состои од компании-членки на ЕУГ во 99 држави во Европа, Блискиот Исток, Индија и Африка. Во рамки на ЕБИИА областа постојат 12 региони. *EY* Македонија е дел од Централниот и Југоисточниот регион од Европа.

Ернст и Јанг (ЕБИИА) лимитед (ЕБИИА лимитед), компанија од Англија, ограничена со гаранција, е главната компанија за управување на компаниите-членки на ЕУГ во областа ЕБИИА. ЕБИИА лимитед ја олеснува координацијата на овие компании и соработката меѓу нив, но не ги контролира. ЕБИИА лимитед е компанија-членка на ЕУГ, којашто не обезбедува никакви професионални услуги.

Секој регион избира Регионален партнерски форум, чиишто претставници делуваат како групи за дискусии. Партнерот кој е избран за претседател на овој форум делува и како претставник на Глобалниот советодавен одбор. (погледни страница 7)

Во Европа, во форма на ‚холдинг', Ернст и Јанг Европа ДОО (ЕУ Европа) е заснована во заедништво со областа ЕБИИА. *EY* Европа е англиско партнерство со ограничена одговорност, во сопственост на партнери од компаниите-членки на ЕУГ во Европа. Претставува ревизорска компанија што е регистрирана во ИОРАВ (Институтот на овластени ревизори во Англија и Велс), но не врши ревизии и не дава професионални услуги. Во рамки на дозволените локални правни и регулаторски услови, *EY* Европа има контрола или ќе стекне контрола на компаниите-членки на ЕУГ во европските држави, коишто се дел од областа ЕБИИА. *EY* Европа е компанија-членка на ЕГЈ и ЕБИИА лимитед.

*EY* Европа е индиректен акционер на Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО преку Ернст и Јанг Југоисточна



Европа паблик лимитед, со седиште на Стасину бр. 6, кула „Жан Нувел", 1060 Никозија, Кипар, со 49% од капиталот на друштвото.

*EY* Европа се здоби со индиректна контрола на *EY* Македонија од 3 јули 2009 година.

Главните тела на *EY* Европа се:

### Извршен одбор за Европа

Извршниот одбор за Европа има функција на одбор на *EY* Европа. Неговите овластувања и одговорност се стратешко извршување и управување на работењето.

Се состои од Европски партнер за управување; Европскиот заменик-партнер за управување; лидерите за управување со сметки, талент и ризик, лидерите за услужни дејности за ревизија, советување, советодавни услуги за трансакции и даноци и сите европски регионални партнери за управување.

**Советодавен одбор за Европа**

До 3-ти јули 2015 година, *EY* Европа има избран Советодавен одбор за Европа, којшто се состои од повеќе партнери на компаниите-членки на *EY* Глобал во Европа. Има советодавна улога на Извршиот одбор за Европа за политики, стратегии и други работи, а неговото одобрување е потребно за повеќе значајни работи, како што се назначување партнер за управување во Европа, одобрување финансиски извештаи на *EY* Европа и материјални трансакции.

Од 4-ти јули 2015 година, Советодавниот одбор за Европа беше заменет со Европскиот советодавен пододбор, којшто се состои од претседателот – партнер на секој Регионален партнерски форум. Ова тело има слична функција како и Советодавниот одбор за Европа.

## Поставеност на мрежата

*EY* е глобален лидер во ревизијата, даночните услуги, трансакциите и советодавните услуги. На светско ниво, 212.000 луѓе во 728 канцеларии и во повеќе од 150 држави организирани во 28 региони и 4 области, ја делат посветеноста за градење подобар деловен свет и се обединети од заедничките вредности и упорната посветеност за квалитет, интегритет и професионален скептицизам. На современиот глобален пазар, интегрираниот пристап на *EY* е особено важен при вршењето висококвалитетни мултинационални ревизии коишто можат да вклучат повеќе правни системи. Остварениот вкупен приход на глобално ниво е 28,65 милијарди УСД за финансиската година што завршува на 30 јуни 2015 година.




Централниот ентитет на *EY*, *EY* Глобал, ги координира компаниите-членки и ја унапредува нивната меѓусебна соработка. ЕY Глобал не дава услуги, туку во целите вклучува унапредување на давањето исклучителни, висококвалитетни услуги кон клиентите од своите компании-членки насекаде низ светот. Секоја компанија-членка е засебен правен ентитет. Обврските на компаниите-членки и нивните одговорности се раководени од регулативите на ЕY Глобал и други најразлични договори.

Структурата и главните тела на глобалната организација, во текот на годината којашто заврши на 30 јуни 2015 година, опишани се подолу. Тие го отсликуваат начелото дека *EY*, како глобална организација, има единствена заедничка стратегија.

Во јули 2013 година, *EY* го воспостави својот оперативен модел со создавање на извршните одбори и регионите. Извршниот одбор го вклучува Глобалниот извршен одбор (ГИО), нивната посветеност и тимови, како и предводењето на четирите области. Ваквата рационализирана структура на *EY* ќе овозможи подобрување на глобалната распределеност и постојано давање исклучителни услуги на клиентите насекаде низ светот, со тоа што Извршниот одбор е одговорен за единствен глобален пристап кон стратегијата, квалитетот, управувањето со ризици, деловното планирање, инвестициите и приоритетите.

Истовремено, овој нов оперативен модел ќе овозможи поголемо фокусирање на чинителите во 28-те региони, овозможувајќи им на компаниите-членки да изградат посилни врски со клиентите и други, во секоја држава и да даваат подобар одговор на локалните потреби.



### Глобален советодавен одбор

Глобалниот советодавен одбор (ГСО) е главното советодавно тело на ЕYГ. Се состои од повеќе компании-членки на ниво на партнери, коишто потекнуваат од четирите области, а исто така вклучува и независни неизвршни претставници (ННП). Партнерите, кои притоа немаат повисоки управни улоги, се избираат од нивните колеги со тригодишен мандат, со одредби за еден дополнителен реизбор. Глобалниот советодавен одбор врши советување на ЕYГ за политиките, стратегиите и аспектите од јавен интерес на нивното донесување одлуки. Глобалниот советодавен одбор е потребен за повеќе значајни работи коишто може да имаат влијание на *EY*.

### Независни неизвршни претставници

Независните неизвршни претставници (ННП) се назначуваат вон *EY*, и на глобалната организација и ГСО им даваат значаен придонес кон нивните различни перспективи и мислења. Заедно со неколку други членови на ГСО, тие го формираат пододборот од јавен интерес на Глобалниот советодавен одбор. ННП се номинираат од посебна комисија.

### Глобален извршен одбор (ГИО)

ГИО ги сплотува лидерските функции, услуги и географии на ЕY. Неговото претседавање се врши од претседателот и главниот извршен директор на ЕYГ, а вклучува и свој главен оперативен директор; глобални партнери за управување со услуги кон клиенти и поддршка за бизниси; обласните раководни партнери; глобалните функционални лидери за талент, управување со ризици и финансиски и корпоративен развој; како и лидерите за глобални услужни дејности – ревизија, советување, советодавни услуги за даноци и трансакции, како и глобалните лидери за јавни политики. ГИО, исто така го вклучува и претседателот на Глобалната комисија за клиенти и претседателот на Глобалната комисија за пазари во развој, како и претставници од компаниите на пазарите во развој.

ГИО и ГСО одобруваат номинации за Претседател и Главен извршен директор на ЕYГ и ратификуваат именувања на глобални партнери за управување. ГИО, исто така одобрува именување глобални вицепретседатели. ГСО ратификува именување на секој глобален вицепретседател кој служи како член на ГИО. Дополнително, ГИО одобрува именување обласни партнери за управување и регионални партнери за управување. Именувањето обласни партнери за управување се предмет на ратификација од ГСО.

Во описот на работни задачи на ГИО се вбројува и унапредувањето на глобалните цели и развојот, одобрување и, онаму каде што е потребно, имплементација на:

- Глобални стратегии и планови;
- Заеднички стандарди, методологии и политики коишто треба да бидат унапредени кај компаниите-членки;
- Иницијативи за персонал, вклучително и критериуми и процеси за примање, оценување, развој, наградување и пензионирање партнери;
- Подобрување квалитети и програми за заштита;
- Предлози во поглед на регулаторни работи и јавни политики;
- Политики и упатства што се однесуваат на услугите кон меѓународни клиенти од компаниите-членки, развој на деловноста, пазари и брендирање;
- Развојни фондови на *EY* и приоритети за инвестирање;
- Годишни финансиски извештаи на ЕYГ и буџети;
- Препораки на ГСО;
- Секакви други предлози за поддршка на глобалните цели.

Исто така, поседува овластување за посредување и решавање спорови меѓу компании-членки.

### Комисии на ГИО

Претседавани од членови на ГИО и спојувајќи претставници од четирите области, Комисиите на ГИО се одговорни за давање препораки на ГИО. Постојат комисии за глобални пазари и инвестиции, таленти, управување со ризици, уверување, совети и советодавни услуги за даноци и трансакции.

### Глобална работна група

Оваа група ги обединува членовите на ГИО, комисиите на ГИО и регионалните лидери. Глобалната работна група има за цел да го унапреди заедничкото разбирање меѓу компаниите-членки за стратешките цели на *EY* и конзистентноста во работењето во рамки на целата организација.

### Компании-членки на ЕY Глобал

Согласно регулативите на *EY* Глобал, компаниите-членки се обврзуваат да ги следат целите на *EY*, како што се давањето висококвалитетни услуги, насекаде низ светот. Со таа цел, компаниите-членки се обврзани да ги спроведат глобалните стратегии и планови и да го одржат пропишаниот делокруг на услужна способност. Од нив се бара да се во согласност со заедничките стандарди, методологии и политики, вклучително и оние коишто се однесуваат на методологијата на ревизија, квалитетот и



управувањето со ризик, независноста, споделувањето знаење, човечки ресурси и технологија.

Пред сè, компаниите-членки на *EY* Глобал се посветени на вршење на нивните професионални работи согласно применливите професионални и морални стандарди, како и применливите законски барања. Ваквата посветеност на интегритетот и правичното работење се зајакнати од Глобалниот кодекс на однесување (види страница 10).

Покрај усвојувањето на регулативите на *EY* Глобал, компаниите-членки влегуваат во неколку други договори коишто ги покриваат аспектите на нивното членство во организацијата на EY, како што се правото и обврската за користење на името на EY и споделувањето знаење.

Компаниите-членки се предмет на прегледи коишто го оценуваат нивното придржување кон условите и политиките на EY Глобал, коишто уредуваат прашања како што се: независност, квалитет и управување со ризик, методологија на ревизија и човечки ресурси. Доколку е потребно, се вршат посебни фокусирани прегледи за справување со ситуации или проблеми, како што се појавуваат. Компаниите-членки коишто не се во можност да ги остварат обврските за квалитет и други услови што произлегуваат од членството на *EY* Глобал, се предмет на одделување од организацијата на EY.



# Посветеност на квалитет

## Инфраструктура за поддршка на квалитетот

**Квалитет во нашите услуги**

Визијата 2020, во којашто е заснована целта, амбицијата и стратегијата на *ЕY*, ги повикува компаниите-членки на *ЕY* да даваат исклучителни услуги кон клиентите низ целиот свет. Ова е овозможено од неотповикливата обврзаност за квалитет и услуги коишто се професионално и глобално конзистентни и означуваат услуга што се заснова на објективност, професионален скептицизам и придржување кон стандардите на *ЕY* и професионалните стандарди.

Нашите услуги се состојат од давање квалитетни ангажмани, вклучително и прегледи на квалитетот на управување и проверка на квалитетот на ангажманите во реално време, при што се мери усогласеноста со професионалните стандарди и сите наши политики.

Визијата 2020 ја јакне обврската за квалитет во сите наши услуги, вклучително и ревизиите. Исто така, резултираше со зголемена јасност во улогата на проценката на ризик во политиките и видовите практика, коишто се во функција на поддршка и подобрување на квалитетот на ревизиите.

Глобалниот вицепретседавач за ревизија ја координира усогласеноста на компаниите-членки, како и примената на политиките и процедурите на ЕY за ревизорски услуги.

**Функција на професионалната практика**

Глобалниот вицепретседавач – Професионална практика, насловен уште и како Директор за професионална практика (ДПП), е под надзор на Глобалниот вицепретседавач за ревизија и работи директно со областите ДПП, со цел да воспостави глобални политики и процедури за контрола на квалитетот на ревизиите. Областите ДПП се под надзор на Глобалниот ДПП и Областиот лидер за ревизија. Со ова се помага во давањето поголемо уверување во поглед на објективноста на квалитетот на ревизијата и процесот на консултација.

Глобалниот ДПП и областите ДПП, исто така водат и вршат надзор над Група за професионална практика. Таа претставува глобална и обласна мрежа од специјалисти за технички предметни работи во сметководство и стандарди за ревизија, коишто даваат консултации за сметководство, ревизии и работи поврзани со финансиско известување, како и вршат разновиден мониторинг на видовите практика и активностите за проценка на ризик.

Глобалниот ДПП врши надзор над развојот на Глобалната методологија за ревизија на *ЕY* (ЕY ГМР) и поврзаните технологии, со цел да бидат конзистентни со релевантните професионални стандарди и регулаторни услови. Групата за професионална практика, исто така врши надзор над развојот на програмите за водење, обука и надзор, како и процесите коишто се користат од експертите во компаниите-членки за конзистентно и ефективно вршење на ревизиите. ДПП, исто така, заедно со други професионалци кои работат со нив во секоја компанија-членка, имаат познавања за луѓето, клиентите и процесите во *ЕY* и достапни се за консултации со тимовите кои се вклучени во ревизии.

Често се воведуваат и дополнителни ресурси за подобрување на Групата за професионална практика, вклучително и мрежи од професионалци, фокусирани на:

- Известување за внатрешна контрола и поврзани аспекти на нашата методологија за ревизија;
- Сметководство, ревизија и прашања поврзани со ризик за конкретни индустрии и сектори;
- Прашања по конкретни настани како што е финансиската криза; области со граѓански и политички немири; државен долг и поврзано сметководствено, ревизиско и финансиско известување и импликации од обелоденување;
- Општи прашања за ангажмани и како ефективно да се работи со ревизорски комитети.

**Управување со ризик**

Глобалниот партнер за управување – Управување со ризик (ГПУ УР) има одговорност за управување со ризик на ниво на целото претпријатие, вклучително и надзор на квалитетот на иницијативите во рамки на целата организација на *ЕY*, во четирите услужни дејности во уверување, советување, даноци и советодавни услуги за трансакции.

Партнерите од компаниите-членки се назначуваат за предводење иницијативи за проценка на ризик во давање на услугите и компаниите-членки, поддржани од останатиот персонал и професионалци. ГПУ УР, исто така има одговорност за воспоставување глобално конзистентни приоритети за вршење проценка на ризик и управување со ризик низ цело претпријатие. Овие приоритети се поставени каскадно кон компаниите-членки, додека нивното извршување се следи со формална програма за управување со ризик во претпријатијата.

**Содржина на овој дел**

Во следниве делови, ги опишуваме главните компоненти од нашата програма за контрола на квалитет на ревизијата.

- Вградување професионални вредности
- Систем за внатрешна контрола на квалитет
- Прифаќање клиенти и продолжување соработка



- Вршење ревизии
- Преглед и консултации
- Ротација на партнери за ревизија
- Прегледи за квалитетот на ревизиите
- Надворешни прегледи за контрола на квалитет
- Усогласеност со законските барања

# Примена на професионални вредности

**Одржлив квалитет на ревизијата**

Ние веруваме дека квалитетот на ревизијата е нашата примарна цел. На глобално ниво, *EY* има повеќенасочен напор за одржлив квалитет на ревизија (SAQ), во функција на поддршка на извршувањето на ревизиите на највисоко ниво. Одржливиот квалитет ја засилува нашата култура, којашто се води пред сè од обезбедување квалитет, и како резултат на тоа ја поддржува испораката на ревизии од највисок квалитет. Ова дополнително подразбира фокус на континуирано подобрување и акцент на клучните области како што е професионален скептицизам.

*SAQ* вклучува: тонот на врвот, ресурси, поедноставување, трансформација / технолошки иновации во ревизијата, оспособување, квалитетна поддршка и следење и одговорност.

**Тонот на врвот**

Високото раководство на *EY* е одговорно за поставување на правилниот тон на врвот и прикажување на посветеноста на *EY* за градење подобар деловен свет, преку своето однесување и делување. Иако тонот на врвот е клучен, нашите вработени подеднакво разбираат дека квалитетот и професионалната одговорност започнуваат со нив. Нашите заеднички вредности, коишто ги инспирираат нашите луѓе и ги водат до правилните одлуки, како и нашата посветеност за квалитет, се всадени во нашето постоење и се сè што ние правиме.

Нашиот пристап кон деловната етика и интегритетот се всадени во нашата консултативна култура, нашите програми за обука и нашите внатрешни комуникации. Високото раководство постојано ја зајакнува важноста на квалитетното вршење на работата и усогласеноста со професионалните стандарди и нашите политики, предводејќи со пример и преку различни типови комуникација. Исто така, нашите програми за контрола на квалитет го оценуваат квалитетот на професионалните услуги како клучна мерка при оценувањето и наградувањето на сите професионалци.

Нашата култура дава силна поддршка на соработката и особено ја потенцира важноста на консултациите при справување со комплексно или субјективно сметководство, ревизија, известување и прашања поврзани со регулаторите и независноста. Веруваме дека е важно да се утврди дека ангажираните тимови и клиентите доследно ги следат консултантските совети и ова го потенцираме кога е потребно.

**Работен кодекс**

**Наш постојан став е дека ниту еден клиент не е поважен од професионалното реноме – реномето на EY Македонија и реномето на секој наш експерт.**

Промовираме култура на интегритет меѓу нашите стручни лица. Глобалниот работен кодекс поставува јасни стандарди коишто ги предводат нашите активности и нашето деловно работење. Организиран е во пет категории, коишто содржат начела што мора да се следат од сите во *EY* Македонија, со цел да се води однесувањето во сите деловни области:

- Работење едни со други;
- Работење со клиенти и други;
- Работење со професионален интегритет;
- Одржување објективност и независност;
- Почитување на интелектуалниот капитал.

Преку нашите процедури за надзор на усогласеноста со Глобалниот работен кодекс, како и преку честа комуникација, се стремиме да создадеме средина којашто ги охрабрува сите вработени да се однесуваат одговорно, вклучувајќи пријавување неправилно работење, без страв од одмазда.

Жешката линија за етика на *EY* им дава на нашите луѓе, клиенти и други кои се надвор од организацијата, прилика за доверливо пријавување активност којашто потенцијално вклучува неетичко или несоодветно однесување или однесување коешто ги крши професионалните стандарди или на кој било начин е неконзистентно со Глобалниот работен кодекс. Жешката линија за етика се одржува од надворешна организација, којашто дава доверливи и, доколку е потребно, анонимни услуги за пријавување за компаниите од целиот свет.

По добивањето пријава на жешката линија на *EY*, без разлика дали се работи за телефонски повик или преку Интернет, таа веднаш добива внимание. Во зависност од содржината на пријавата, соодветните лица од Управување со ризици, Човечки ресурси, Правна служба или други функции се вклучуваат во справувањето со пријавата. Сите прашања се предадени на искусни лица, под надзор на функцијата за глобално управување со ризици. За прашањата што се пријавени вон Жешката линија за етика на *EY*, се следат истите постапки.



Нашите вредности
Кои сме ние?

| |
|---|
| Луѓе кои покажуваат интегритет, почит и тимска работа |
| Луѓе со енергија, ентузијазам и храброст за предводење |
| Луѓе кои градат врски врз основа на правилен начин на работење |

# Внатрешен систем за контрола на квалитет

Реномето на *EY* Македонија за давање висококвалитетни, професионални, ревизорски услуги на независен, објективен и морален начин е основа за нашиот успех како независни ревизори. Континуирано инвестираме во иницијативи за унапредување на објективноста, независноста и професионалниот скептицизам. Ова се основните атрибути на една висококвалитетна ревизија.

Во *EY* Македонија, нашата улога како ревизори е да дадеме мислење за соодветно претставување на финансиските извештаи на компаниите во коишто вршиме ревизија. Составуваме квалификувани тимови за давање на нашите услуги, повикувајќи се на нашата стручност во сите индустриски сектори и услуги. Постојано се стремиме да го подобриме нашиот квалитет и процес на управување со ризици, така што квалитетот на нашата услуга е на постојано високо ниво.

Препознаваме дека во денешната средина - којашто се карактеризира со континуирана глобализација и брзо движење на капиталот, квалитетот на нашите ревизорски услуги никогаш не бил поважен. Како дел од Визијата 2020, *EY* продолжува со големи инвестиции во развојот на ревизорската методологија, алатки и други ресурси што се потребни за поддршка на давањето квалитетна услуга.

Додека пазарите и чинителите продолжуваат со барање висококвалитетни ревизии, тие истовремено сè повеќе бараат ефикасно и ефективно давање ревизорски услуги. Покрај споменатите инвестиции, *EY* продолжува да бара начини за подобрување на ефективноста и ефикасноста на ревизорската методологија и процеси, истовремено задржувајќи го квалитетот на ревизијата. Правиме напори да откриеме во кои делови, квалитетот на нашата ревизија можеби не ги задоволува нашите очекувања и очекувањата на чинителите, вклучително и надворешни ревизорски компании. Бараме начини да учиме од надворешни и внатрешни инспекциски активности и да утврдуваме причини за квалитет, со цел за континуирано подобрување на квалитетот на ревизиите, и веруваме дека важен дел од процесот на инспекција на ревизиите е да се преземат ефективни и соодветни активности за подобрување на квалитетот.

**Ефективност на системот за контрола на квалитет**

*EY* создаде и примени сеопфатна низа од глобални политики и разни типови практика за контрола на квалитетот на ревизијата. Тие се во согласност со условите што се пропишани од Меѓународните стандарди за контрола на квалитет, издадени од Меѓународниот одбор за стандарди за ревизија и уверување (МОСРУ). *EY* Македонија ги усвои овие глобални политики и процедури и ги дополни за да бидат во согласност со локалните закони и професионални упатства и за решавање на специфичните деловни потреби.

Исто така, ја спроведуваме програмата на *EY* за Проверка на квалитетот на ревизијата (ПКР), со цел да оцениме дали нашиот систем за контрола на квалитетот на ревизијата бил делотворен на начин на којшто би се обезбедило разумно уверување дека *EY* Македонија и нашите вработени работат согласно применливите професионални и внатрешни стандарди и законски прописи.

Резултатите од ПКР програмата и надворешните инспекции се оценуваат и се соопштуваат на *EY* Македонија, со цел да може да обезбеди основа за постојано усовршување на квалитетот на ревизијата, во согласност со највисоките стандарди на професијата.

ГИО има одговорност за спроведувањето програми за подобрување на квалитетот и заштитата. Како такво, ги анализира резултатите од нашата внатрешна програма за ПКР и надворешните регулаторни проверки, како и клучните активности, наменети во областа за подобрување.

Неодамнешните резултати од ваквото следење, заедно со повратните информации од независните регулаторни инспекциски посети, добиени неодамна, овозможија *EY* Македонија да донесе заклучок дека нашите системи за внатрешна контрола се развиени на соодветен начин и работат ефективно.



# Прифаќање клиенти и продолжување соработка

**Политика на ЕY**

Политиката за прифаќање клиенти и за продолжување соработка поставува начела за компаниите-членки, според коишто се одлучува дали да се прифати нов клиент или нов ангажман или дали да се продолжи соработката со веќе постоечки клиент или ангажман. Ваквите начела се од темелно значење за одржувањето квалитет, управувањето со ризик, заштитата на нашите вработени и усогласеноста со законските прописи. Целите на политиката се следниве:

- Воспоставување строго утврден процес за проценка на ризик и донесување одлуки за прифаќање/продолжување соработка со клиенти или ангажмани;
- Усогласеност со применливите прописи за независност;
- Препознавање и соодветно справување со конфликт на интереси;
- Препознавање и одбивање клиенти кои претставуваат преголем ризик;
- Барање консултација со одговорните стручни лица за да се утврдат дополнителни постапки за управување со ризик за специфични фактори со висок ризик;
- Усогласеност со законските, регулаторните и професионалните услови.

Покрај тоа, глобалната политика на ЕY за конфликт на интереси ги поставува глобалните стандарди за справување со категории на потенцијален конфликт на интереси и постапките за нивно препознавање. Исто така, содржи и одредби за управување со потенцијален конфликт на интереси што е можно побрзо и поделотворно, преку примена на соодветни мерки. Ваквите мерки варираат од добивање согласност од клиент за компанија-членка на ЕY, преземање ангажман кај двајца или повеќе клиенти, до мерки како што е одбивање ангажман од компанија-членка, со цел да се избегне идентификуваниот конфликт.

Глобалната политика на ЕY за конфликт на интереси на глобалната политика беше ажурирана во почетокот на 2015 година. Надградбата на оваа политика ја зема предвид зголемената комплексност на нашите ангажмани и односите со клиентите, како и потребата за брзина и точност во одговорите кон нашите клиенти. Новите измени, исто така се усогласени со најновите Меѓународни етички стандарди за сметководители (IESBA).

**Примена на политиката во практика**

Глобалната алатка за прифаќање и продолжување (ГАППС) е интранет систем, којшто го користиме за ефикасно координирање на прифаќањето ангажман од клиент и продолжување соработка во согласност со глобалните политики, услужните политики и политиките на друштвата - членови. ГАППС ги води корисниците низ условите за прифаќање или продолжување соработка и ги утврдува политиките и упатува на професионалните стандарди што се потребни за проценка на деловните можности и поврзаните ризици.

Како дел од овој процес, ние внимателно ги разгледуваме ризиците на потенцијалните клиенти и неколку постапки за длабинска анализа. Пред да прифатиме нов ангажман или клиент, утврдуваме дали имаме доволно ресурси за обезбедување квалитетна услуга, особено во стручни области, како и дали услугите што ги бара клиентот се соодветни за нас. Постапката за одобрување е строга и не е можно прифаќање нов ангажман за ревизија без претходно одобрение од нашиот ДПП.

Во текот на нашата годишна постапка за продолжување на соработката со клиент, ја разгледуваме обезбедената услуга и нашата способност да продолжиме со обезбедување квалитетни услуги, и потврдуваме дека клиентите ја делат посветеноста на ЕY Македонија за квалитет и транспарентност во финансиското известување. Партнерот кој раководи со секоја ревизија, заедно со нашето раководство за уверување, на годишна основа врши преглед на нашиот однос со клиентот кој е предмет на ревизија, со цел да утврди дали продолжувањето е соодветно.

**Детален надзор**

Како резултат на оваа проверка, одредени ревизиски ангажмани се утврдени како ангажмани со високи барања, и според тоа, подлежат на дополнителни контроли во текот на ревизијата, а соработката со некои клиенти се раскинува. Како и кај постапката за прифаќање нов клиент, нашиот ДПП е вклучен во постапката за одлучување во врска со продолжувањето соработка и мора да се согласи со одлуките за продолжување соработка.

Одлуката за прифаќање нов клиент, како и одлуката за продолжување соработка со постоечки клиент зависат од проценката на ревизорскиот тим за тоа дали раководството на компанијата може да изврши притисок врз нас, да прифатиме несоодветни заклучоци за сметководството, ревизијата и известувањето, со што може да се намали квалитетот. Разгледувањата и заклучоците за интегритетот на раководството се од клучна важност за одлуките за прифаќање или продолжување соработка.



# Вршење ревизии

Како дел од Визијата 2020, EY значително инвестира во подобрување на методологиите и алатките за ревизија, со цел да продолжи со подобрувањето на квалитетот на ревизиите. Оваа инвестиција е во согласност со целта на EY да ја има водечката ревизорска практика во нашата професија до 2020 година и ја отсликува силата на нашата заложба за градење подобар деловен свет и особено градење доверба и верба во пазарите на капиталот и во економиите насекаде низ светот.

### Методологија на вршење ревизија

Во мај 2015 година, ние објавивме нова глобална методологија за ревизија (EY GAM), којашто е дизајнирана со цел за полесна употреба и поддршка на нашата нова алатка за документација – *EY Canvas*.

Ние, технологијата ја користиме пошироко, со цел да се поедностави презентацијата на податоците, и како резултат на тоа, содржината да стане подостапна и полесна за употреба. Алатката овозможува употреба на интелегентни уредувања, подобар дизајн и интерактивни графикони.

Глобалната методологија на ревизија на *EY* (EY ГМР) претставува глобална рамка за давање висококвалитетни ревизорски услуги преку конзистентна примена на обмислени процеси, проценки и процедури во сите ревизорски ангажмани. Вршењето проценки на ризик, нивното прегледување и измена како што е соодветно, како и користење на таквите проценки за утврдување на природата, времето и опсегот на процедурите за ревизија се основа за EY ГМР. EY ГМР, исто така потенцира примена на професионален скептицизам при извршувањето на процедурите за ревизија. EY ГМР е заснована на Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) и е надополнета во Македонија, со цел да биде во согласност со локалните ревизорски стандарди во Македонија и регулаторните или законски барања.

Со помош на технологијата, нашите ревизори го бираат соодветниот пристап на ревизијата во рамките на нашата методологија, којашто е применлива на барањата за известување, што субјектот кој е предмет на ревизија ги бара. На пример, постојат пристапи кон ревизија на субјекти кои се сметаат за комплексни и некомплексни.

Ревизорот има на располагање верзија на EY ГМР, којашто е организирана во фази, со цел да се фокусира на бизнисот на клиентот и ризиците во финансиските извештаи, и на тоа како тие ризици влијаат врз нашата ревизија на тие финансиски извештаи. EY ГМР се состои од две клучни компоненти – барања и поддршка на форми и примери. Барањата одразуваат типичен проток за тоа како EY Македонија треба да изврши ревизија. Формите и примерите вклучуваат водечки практични илустрации што ќе им помогнат во извршувањето и документирањето ревизорски постапки.

Подобрувањата на методологијата на ревизија се вршат редовно како резултат на нови стандарди, нови ревизорски прашања и проблеми, искуства од примената и резултати од надворешна и внатрешна инспекција.

Покрај тоа, непрекинато го следиме тековниот и новиот развој и издаваме навремени потсетници за планирање ревизија и други потсетници. Ваквите потсетници ги нагласуваат областите што се забележани за време на инспекциите, како и клучните теми од интерес за Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизија (IFIAR). Тука се вклучени професионален скептицизам, ревизии на групации, признавање приходи и преглед на квалитетот на извршените ангажмани.

EY ГМР бара усогласеност со релевантните етички прописи, вклучително независност од компанијата која е предмет на ревизија.

### Технологија

Нашите ревизорски тимови користат технологија со цел да им помогне при извршувањето и документирањето на извршената работа во согласност со EY ГМР.

Во текот на фискалната 2015 година, почнавме со постепено користење на нашата следна генерација на глобалната ревизорска платформа - EY Canvas. EY Canvas е интернет-страница, базирана, изградена со *state-of-the-art* технологијата, со цел да обезбеди зголемена безбедност на податоците и да ни овозможи полесно да го развиваме нашиот софтвер, којшто подобро ќе одговара на промените во сметководствената професија и регулаторната средина.

Ревизорските ангажмани во *EY Canvas*, автоматски се конфигурираат со информации што се однесуваат на барањата на листата за нашите клиенти и индустријата, со што ни помага да ги одржуваме нашите ревизорски планови прилагодени и ажурирани, како и ни обезбедува директна поврзаност со нашите ревизорски насоки, професионални стандарди и примери за документација. *EY Canvas* е е изграден со свеж, чист дизајн и кориснички 'интерфејс', којшто им овозможува на корисниците да ги визуелизираат ризиците и нивниот однос кон нашиот планиран одговор или работа во клучните области. *EY Canvas*, исто така им овозможува поврзување на нашите ревизорски тимови, со цел подобро да ги комуницираат ризиците и инструкциите, така што основниот тим за секоја ревизија има контрола на планирање и надзор на ревизијата. Во текот на следната година, ние ќе ја исклучиме од работа сегашната алатка - *GAMx*.

Ревизорските тимови користат и други софтверски апликации, формулари и обрасци за време на различни фази на ревизијата, за да им помогнат во подготовката и



документирањето на ревизорски мислења, пребарувањето податоци и анализа.

*ЕY* има голем број алатки за анализа на податоци коишто се применуваат при ревизија. Овие алатки им помагаат на нашите тимови во анализирањето на податоците на клиентите, подобрувајќи ги нашите процеси на процена на ризик и овозможувајќи истражување на трансакции со повисок ризик, поради дополнително испитување.

**Формирање ревизорски тимови**

Политиките на *ЕY* Македонија бараат годишен преглед на распоредот на ревизии на партнерите од нашето Раководство за уверување и ДПП, со цел да се осигура дека стручните лица кои извршуваат ревизии во друштва коишто котираат на берзата, ги поседуваат соодветните квалификации (т.е. знаење, вештини и способности) за да ги исполнат своите ревизорски одговорности и дека тие работат во согласност со применливите законски прописи за ротација на ревизори.

Распределувањето луѓе во ревизорските тимови е исто така во надлежност на Раководството за ревизија. Факторите што се земаат предвид при распределбата на луѓе во ревизорски тимови вклучуваат: компетентност, опсег и комплексност на ревизијата, специјализирано знаење и искуство од областа на одредена индустрија, траење на ревизијата, континуитет и можности за обука на работното место. Кај покомплексните ревизии се разгледува дали постои потреба од посебна или дополнителна стручност за дополнување и подобрување на ревизорскиот тим.

Во многу случаи, внатрешните стручни лица се назначуваат како дел од ревизорскиот тим за да помагаат во спроведувањето на ревизорските постапки и да стекнат соодветни ревизорски докази. Ваквите стручни лица се ангажираат во ситуации коишто бараат посебни вештини или знаење, како што се информациски системи, вреднување средства и актуарска анализа.

# Преглед и консултации

**Преглед на извршена ревизија**

Во нашите политики се опишани условите за навремено и директно вклучување на поискусните експерти, како и потребното ниво на преглед за извршената работа. Надзорните членови од ревизорскиот тим вршат детален преглед на ревизорската документација за да се утврди точноста и целосноста. Партнерите во ангажманот извршуваат второстепен преглед, за да ја утврдат соодветноста на ревизорската работа во целина и презентацијата на поврзаните сметководствени и финансиски извештаи. Претставниците на даночните органи вршат преглед на значајните даночни и други релевантни работни документации. За друштвата што котираат на берза или одредени други друштва, прегледувачот на квалитетот на ревизијата (опишан подолу), врши увид во значајни области од сметководството, финансиското известување и вршењето ревизија, како и во финансиските извештаи на друштвото, што е предмет на ревизија и во нашиот извештај. Природата, времетраењето и опсегот на прегледите на ревизијата зависат од многу фактори, вклучувајќи и:

- Ризикот, материјалноста, субјективноста и сложеноста на предметот на ревизија;
- Способноста и искуството на членовите на ревизорскиот тим, задолжени за подготовка на ревизорската документација;
- Степенот на директно учество на прегледувачот во ревизијата;
- Опсегот на користење консултации.

Нашите политики, исто така ги опишуваат улогите и одговорностите на секој член од ревизорскиот тим за управување, насочување и надгледување на ревизијата, како и барањата за документирање на нивната работа и заклучоци.

**Услови за консултации**

Нашите консултантски политики се изградени врз култура на соработка, при што ревизорските стручни лица се охрабруваат да споделуваат перспективи за комплексно сметководство, ревизија и пријавување проблеми. Условите за консултации и сродните политики се создадени на начин што ги искористуваат правилните ресурси, за да можат ревизорските тимови да донесуваат соодветни заклучоци.

**Консултирањето е вградено во процесот на донесување одлуки; тоа не претставува само процес на давање совети.**

За сложени и чувствителни прашања, имаме формален процес за барање консултации надвор од ревизорскиот тим со останатите вработени кои имаат поголемо искуство или стручно знаење, пред сè со директорот за професионална практика и вработените задолжени за независноста. Во интерес на објективноста и професионалниот скептицизам, нашите политики од членовите на одделот за стручна практика и независност, како и некои други, бараат да се повлечат од консултациите доколку даваат услуги или давале услуги во даден временски период, на клиентот на кој се однесува советувањето.

Нашите консултантски политики, исто така условуваат да ги документираме сите консултирања, вклучувајќи и писмена согласност од лицето или лицата кои биле консултирани, со цел да се докаже нивното разбирање на материјата и нејзино разрешување.

**Проверка на квалитетот на ревизијата**



Проверка на квалитетот на ревизијата се врши од ревизорски партнери, во согласност со професионалните стандарди за ревизија на сите друштва што котираат на берзата и оние што се смета дека имаат повисок ризик. Прегледувачите на квалитетот на ревизијата се искусни професионалци со значајно предметно знаење. Тие се независни од ревизорскиот тим и се способни да обезбедат објективна процена на значајни прашања од областа на сметководството, ревизијата и известувањето. Во ниеден случај, одговорноста на прегледувачот на квалитетот на ревизија не може да биде пренесена на друго лице.

Прегледот на квалитетот на ревизијата вообичаено се врши низ целиот циклус на ревизијата, вклучувајќи го и планирањето, проценката на ризик, ревизорската стратегија и спроведувањето. Политиките и постапките за вршење и документирање на прегледот на квалитетот на ревизијата даваат конкретни насоки коишто упатуваат на природата, времетраењето и опсегот на постапките што треба да се извршат, како и потребната документација со којашто ќе се докаже дека тие се завршени. Нашиот ДПП го одобрува распоредувањето на прегледите за проверка на квалитетот на ревизиите, извршени во друштва што котираат на берзата и за оние што се сметаат за друштва со висок ризик.

**Процес на решавање на професионалните несогласувања во рамките на ревизорскиот тим**

*EY* има култура на соработување, којашто ги охрабрува луѓето да се изјаснат, без страв од омраза, во случај на професионално несогласување или доколку се чувствуваат непријатно во врска со некое прашање што се однесува за клиент на ревизија. Политиките и постапките ги овластуваат членовите на ревизорските тимови, така што бараат од нив да го искажат своето несогласување во врска со значајни прашања од областа на сметководството, ревизијата и известувањето.

Ваквите политики им се претставуваат на луѓето на почетокот на нивното вработување во *EY*, а ние продолжуваме да промовираме култура којашто ја зајакнува одговорноста и овластувањето на вработените да ги изнесуваат своите ставови и да ги согледаат гледиштата на другите.

Разликите во стручните мислења коишто произлегуваат за време на вршењето ревизија, најчесто се решаваат на ниво на ревизорскиот тим. Сепак, доколку некој поединец кој учествува во расправа во врска со некој проблем не е задоволен со одлуката, тој или таа има и право и обврска да го проследи проблемот на повисоко ниво на одговорност, сè додека не биде постигната согласност или донесена конечна одлука. Дотогаш, страните во расправата не се повлекуваат, не се тргаат на страна или на друг начин да се извлекуваат од процесот. Понатаму, доколку прегледувачот на квалитетот на ревизија даде препорака којашто партнерот за проверка на квалитетот на ревизијата не ја прифаќа или доколку проблемот не биде решен на задоволство на прегледувачот, ревизорскиот извештај нема да биде објавен сè додека проблемот не биде решен, по пат на одржување консултации за решавање на професионалните несогласувања. Нашите услови за документирање на сите несогласувања и нивно решавање се исти како и кај другите консултации. Секој кој е вклучен во процесот може одделно да го документира својот став во прилог на документацијата за конечнатата одлука.

## Ротација на партнерите за ревизија

ЕY ја поддржува задолжителната ротација на партнерот за ревизија, со цел да помогне во зајакнувањето на независноста на ревизорот. *EY* Македонија се придржува на барањата за ротација на партнерот за ревизија според кодексот на Меѓународниот одбор за етички стандарди во сметководството (МОЕСС) и Законот за ревизија на Република Македонија, како и американската Комисија за хартии од вредност (КХВ), доколку е потребно. *EY* Македонија ја поддржува ротацијата на партнерот за ревизија, затоа што таа нуди нова перспектива и ја промовира независноста од раководството на друштвото, притоа задржувајќи ја стручноста и познавањето на деловното работење. Ротацијата на партнерот за ревизија, во комбинација со условите за независност, усовршените системи на внатрешна контрола на квалитетот и независниот надзор над ревизијата, помагаат во зајакнувањето на независноста и објективноста, и се важни заштитни мерки за квалитетот на ревизија.

За ентитети од јавен интерес, за коишто ротацијата на партнерот за ревизија не е условена од локална регулатива за независност или е помалку рестриктивно од барањата на МОЕСС, глобалната политика за независност на *EY* бара главниот партнер за ревизија и прегледувачот на квалитетот на ревизијата да се менуваат на секои седум години. За новите клиенти – ентитети од јавен интерес (вклучувајќи ги и друштвата коишто штотуку котирале на берзата), главниот партнер за ревизија и прегледувачот на квалитетот на ревизијата може да останат да работат за тој клиент уште две дополнителни години пред нивно ротирање од тимот, без оглед на времето што го поминале работејќи за тој клиент, пред неговото котирање на берзата. По ротацијата, партнерот не може да биде раководител на тимот или партнер за преглед на квалитетот на ревизијата во рок од најмалку две години.

Поседуваме алатки за следење на ротирањето на партнерите, со цел да се овозможи успешен надзор над усогласеноста со условите. Исто така, спроведовме и процес за планирање и донесување одлуки за ротација на партнерите, којшто вклучува консултации со и одобренија од нашиот оддел за професионална практика и независност.



# Проверки за квалитетот на ревизиите

Глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата (ПКР) е основа на нашиот процес за надзор над квалитетот на ревизијата. *ЕУ* Македонија ја спроведува глобалната програма за ПКР, поднесува извештаи за резултатите и подготвува соодветни акциони планови. Првичната цел на програмата е да се утврди дали ситемите за контрола на квалитет, вклучувајќи ги и оние на *ЕУ* Македонија, се креирани на соодветен начин и дали тие се применуваат во вршењето ревизија за да се обезбеди разумно уверување за усогласеност со политиките и постапките, професионалните стандарди и законски прописи. Глобалната програма за ПКР е усогласена со насоките што се опфатени во Меѓународниот стандард за контрола на квалитет бр. 1 и амандманот (МСКК бр. 1) и се дополнуваат доколку е потребно за да се усогласат со професионалните стандарди и законски прописи на Република Македонија. Програмата, исто така придонесува кон постојаните напори на *ЕУ* Македонија да ги препознае областите во коишто можеме да го подобриме нашето работење и да ги усовршиме нашите политики и постапки.

Глобалната програма за ПКР се спроведува на годишно ниво и е коoридинирана и следена од претставници на мрежата на ДПП, а под надзор на раководството за осигурување.

Ангажманите коишто се проверуваат секоја година, се избираат врз основа на ризик, нагласувајќи ги големите и сложени ревизорски клиенти или оние од значителен јавен интерес. Глобалната програма за ПКР вклучува детален преглед на работните документации, притоа земајќи ги предвид ризиците, покривајќи голем број котирачки и некотирачки клиенти на берзата за да се оцени усогласеноста со внатрешните политики и постапки, условите на *ЕУ* ГРМ и релевантните домашни професионални стандарди и законски прописи. Исто така, програмата вклучува и преглед на примерок на неревизорски ангажмани. Со ова се оценува усогласеноста со релевантните професионални стандарди и внатрешни политики и постапки што треба да се применуваат при вршењето неревизорски услуги. Понатаму, се спроведуваат прегледи на ниво на практиката за да се оцени усогласеноста со политиките и постапките за контрола на квалитет во рамките на функционалните области што се истакнати во МСКК бр. 1. Глобалната програма за ПКР ги надополнува надворешните надзори на практиката и инспекциските активности, како што се програмите за инспекција на законитоста и надоврешното оценување од конкурентите.

Последната проверка на квалитет на ЕУ Македонија беше во јули 2014 година, и резултираше со инспекција на еден ревизорски ангажман, означен со „1", т.е. без материјални наоди или недостатоци. Овие резултати се споредени со два ангажмана, прегледани во 2013 година, и двата оценети дека не содржат значителни наоди или недостатоци. Без разлика дали постојат материјални или занемарливи наоди или недостатоци, Македонија ги̂ анализира наодите од внатрешните и надворешните инспекции за да ги идентификува нивните причини, да изготви акциони планови и за подобрување на квалитетот на ревизиите.

Прегледувачите на ПКР и лидерите на тимовите се избираат врз основа на нивните вештини и професионални компетенции во сметководството и ревизијата, како и индустријата за којашто специјализираат; често, тие работат во Глобалната програма за ПКР повеќе години и имаат изразени вештини за извршувањето на програмата. Раководителите на тимови и прегледувачите се назначени да вршат инспекции надвор од матичната локацијата, и се независни од ревизорските тимови што ги оценуваат.

Резултатите од глобалната програма за ПКР и надворешните прегледи на работата и инспекции се оценуваат и комуницираат со цел да се подобри квалитетот. Сите планови за подобрување на квалитетот ги опишуваат дополнителните активности што треба да се преземат, одговорните луѓе, распоредот и крајните рокови, како и потписите за извршени активности. Мерките за решавање проблеми во однос на квалитетот на ревизијата, што се забележани од глобаланата програма за ПКР, регулаторните инспекции и од колеги, се решаваат од Раководството за уверување и нашиот ДПП, со дополнето мислење од групите за управување со ризик. Активностите ги надгледува нашиот ДПП и раководството за уверување. Овие програми обезбедуваат значајна повратна информација од надзорот над практиката за нашите континуирани напори за подобрување на квалитетот.



## Надворешна проверка на квалитетот на ревизијата

Работењето на *EY* Македонија и нашите регистрирани законски ревизори се предмет на годишна контрола од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ). Како дел од овие инспекции, ИОРРМ ги оценува системите за контрола на квалитет и врши проверка на поединечни ангажмани.

Последната контрола за проверка на квалитетот од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија беше одржана во ноември 2014 година. Конечниот извештај за контрола беше издаден на 17 септември 2015 година.

Ние го почитуваме и имаме придобивки од процесот на контрола на ИОРРМ. Ние детално ги оценуваме покренатите прашања за време на контролата, со цел да се препознаат областите во коишто можеме да го подобриме квалитетот на ревизија. Заедно со нашиот процес на ПКР, надворешните инспекции ни помагаат во вршењето на нашите ревизии и поврзаниот контролен процес со врвен квалитет, во корист на инвеститорите и други заинтересирани страни.

Информации за горенаведениот законодавен орган, може да се најдат на интернет-страницата *www.iorrm.org.mk*.

## Усогласеност со законските барања

Глобалниот работен кодекс поставува јасни стандарди коишто ги предводат нашите активности и нашето деловно работење. *EY* Македонија е во согласност со применливите закони и прописи, и вредностите на *EY* се основа за нашата посветеност во вршењето на вистинската работа. Оваа важна посветеност е поддржана со голем број политики и постапки, како следниве:

**Антикорупциска политика**

Глобалната антикорупциска политика им дава насоки на нашите вработени во однос на одредени неетички и незаконски активности. Таа ја нагласува обврската на нашите вработени да се придржуваат до законите за антикорупција и дава поширока дефиниција за мито. Исто така, ја идентификува одговорноста за поднесување пријава во случај на откривање мито. Препознавајќи го растечкото глобално негативно влијание на митото и корупцијата, се зголемуваат напорите за воспоставување мерки против подмитување насекаде низ *EY*, а обуките за нашиот персонал се задолжителни.

**Тргување со повластени информации**

Глобалната политика на *EY* за тргување со повластени информации ја потврдува одговорноста на нашите вработени да не тргуваат со хартии од вредност со повластени информации, и дава детали во врска со она што претставува една повластена информација и утврдува со кого нашите вработени треба да се консултираат доколку имаат прашања во врска со нивните одговорности.

**Трговски санкции**

Земајќи го предвид нивото на глобална интеграција на *EY*, од голема важност е да бидеме свесни за постојано променливата ситуација во поглед на меѓународни трговски санкции. EY ги следи санкциите што се изречени во различни делови од светот и на нашиот персонал му дава насоки за засегнатите активности.

**Приватност на податоци**

Глобалната политика за приватност на лични податоци ги поставува начелата што се применуваат за употреба и заштита на лични податоци, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на тековните, минатите и потенцијалните вработени, клиенти, доставувачи и деловни соработници. Оваа политика е во согласност со применливите закони и прописи за заштита на податоци и приватност при обработката на лични податоци. Таа претставува основа за одржување на приватноста на сите лични податоци што ги користи *EY* Македонија. Освен тоа, ние имаме политика што се однесува на посебните услови за приватност и деловни потреби во Македонија.

**Задржување документи**

Политиката на *EY* Македонија за задржување евиденција важи за сите ангажмани и вработени. Оваа политика нагласува дека сите документи мора да бидат зачувани кога некое лице ќе дознае за каква било поднесена или разумно очекувана тужба, парница, истрага, судска покана или друга владина постапка, а којашто нè вклучува нас или некој од нашите клиенти и што може да се однесува на нашата работа. Исто така, се однесува на законските прописи во Македонија, применливи за подготвување и одржување работни документации коишто се релевантни за извршената работа.



# Типови практика на независност

Политиката на ЕУ за независност, бара од ЕУ Македонија и од нашите вработени да делуваат во согласност со стандардите за независност што се применуваат во посебни ангажмани, вклучувајќи ги на пример, стандардите за независност на Меѓународниот одбор за етички стандарди во сметководството (МОЕСС), на Меѓународната федерација на сметководители (МСФ) и Законот за ревизија на Република Македонија.

Ние ја вреднуваме независноста од неколку перспективи, вклучувајќи ги: нашите финансиски односи и оние на нашите вработени; работни односи; деловни односи; дозволивоста на неревизорски услуги што им ги нудиме на клиентите кои се предмет на ревизија; ротација на партнер; договори за ревизорски надоместоци; претходно одобрение од Одборот за ревизија, доколку е применливо; и надомест и компензација на партнер.

**Неусогласеноста со применливите професионални прописи за независност ќе влијае на одлуките за унапредување и надомест на одредено лице, и може да доведе до други дисциплински мерки.**

Ние ги применивме глобалните апликации, алатки и процеси на ЕУ што ни помагаат нам, на нашите стручни лица и други вработени, да постапуваме во согласност со политиките на независност.

**Глобална политика на независност на ЕУ**

Глобалната политика на независност на ЕУ содржи прописи за независност што се однесуваат на друштвата, стручните лица и други вработени во ЕУ. Тоа е силна политика што е креирана според Моралниот кодекс на МОЕСС, но со построги барања доколку е пропишана од законодавен орган. Политиката исто така содржи корисни насоки за да им се помогне на вработените да ги применуваат правилата за независност. Глобалната политика на независност на ЕУ е достапна и пребарлива преку интранетот на ЕУ.

**Глобален систем за независност**

Глобалниот систем за независност (ГСН) е алатка што е достапна преку интранет и којашто ни помага да ги утврдиме друштвата што котираат на берза, од коишто мора да бидеме независни и кои рестрикции на независност се применуваат за тие друштва. Најчесто, тоа се клиенти што котираат на берзата и нивни соработници, но може да постојат и други типови клиенти на кои им се обезбедуваат услуги на уверување. Алатката вклучува податоци за семејно дрво, во врска со соработниците на клиентите кои котираат на берзата и кои се предмет на ревизија и се ажурира од членовите на ревизорски тимови, кои ги опслужуваат тие клиенти. Податоците содржат белешки коишто ги покажуваат правилата за независност што се применуваат за секој клиент, со што на нашите луѓе им се помага да одлучат кој тип услуги може да им се обезбедат или други интереси или врски коишто може да се остварат.

**Глобален систем за надзор**

Глобалниот ситем за надзор (ГСНА) е друга важна глобална алатка што помага во идентификувањето забранети хартии од вредност и други недозволени финансиски интереси. Од лицата кои се назначени за раководители и повисоки функции, се бара да ги регистрираат сите хартии од вредност што тие или членовите на нивните потесни семејства ги поседуваат, во ГСНА. Кога поединец ќе изврши регистрација на забранети хартии од вредност, тој добива известување и треба да се ослободи од тие хартии од вредност. Идентификуваните исклучоци се пријавуваат преку Глобалниот систем за пријавување на инциденти на независност (ГСПИН) поради законски барања.

ГСНА, исто така овозможува годишно и квартално потврдување на усогласеноста со политиките на независност, како што е подетално опишано подолу.

**Почитување на независноста**

ЕУ воведе голем број процеси и програми, чијашто цел е надзор над усогласеноста со прописите за независност на компаниите-членки на ЕУ и нивните вработени. Тука се опфатени следниве активности, програми и процеси:

**Потврди на независност**

Навремената и точна подготовка на годишните и кварталните потврди на независност се од голема важност за одговорното раководство на тимовите.

Секоја година, ЕУ Македонија е вклучена во процесот на разни области за да се потврди усогласеноста со Глобалната политика за независност и да се пријават идентификуваните исклучоци, доколку има такви.

Сите стручни лица на ЕУ и одредени други лица, во зависност од нивната улога или функција, мора да потврдат дека дејствуваат во согласност со политиките и постапките на независност барем еднаш годишно. Сите партнери се обврзани да поднесуваат потврди на секои три месеци.

**Глобални прегледи на почитување на независноста**

ЕУ спроведува бројни тестирања и посети во друштва-членови за да ја процени усогласеноста со прашањата на независност. Тоа подразбира и проверка на неревизорски услуги, деловни односи со друштва што се предмет на наша ревизија и финансиски односи со компаниите-членки.



Секоја година, глобалниот тим на *EY* за независност воспоставува програма за тестирање на усогласеноста со барањата за лична потврда на независност и за пријавување на податоци во ГСНА.

*EY* Македонија потврдува дека последната проверка за усогласеност со глобалните стандарди за независност е направена во 2013 година.

**Неревизорски услуги**

Ние ја следиме усогласеноста со професионалните стандарди коишто го регулираат давањето неревизорски услуги на ревизорски клиенти преку најразлични механизми. Тука се вклучени употребата на алатки (на пр. ГАППС - види страна 1 и 2 и Алатката за подготовка на референтен список на услуги (АПРСУ) - види подолу), обуки и потребните постапки што биле користени во текот на спроведувањето ревизии и внатрешни инспекции.

**Глобална едукација за независност**

*EY* развива и поставува разни образовни програми за независноста. Сите стручни лица и одредени други вработени треба да учествуваат на годишната едукација за независност, со цел да се овозможи одржување на нашата независност од друштвата што се предмет на наша ревизија.

**Целта е да им се помогне на нашите вработени да ја разберат својата одговорност и да му се овозможи на секој од нив, и на *EY*, да се ослободи од влијанијата коишто се сметаат за некомпатибилни со објективноста, интегритетот и непристрасноста при извршувањето ревизорски услуги кај некој клиент.**

Годишната програма за едукација за независност ги покрива нашите барања за независност, насочувајќи се на неодамнешните промени во политиката, како и на важни теми и предмети од постојано значење. Навременото спроведување на годишната едукација за независност е задолжителна и следена внимателно.

Покрај годишната програма за едукација за независнот, свесноста за независност се промовира преку бројни настани и материјали, вклучувајќи и програма за едукација на нови вработени, поважни програми и наставна програма за основните услуги на *EY*.

**Алатка за подготовка на референтен список на услуги (АПРСУ)**

Постојано го оценуваме и следиме нашето портфолио на услуги за да потврдиме дека се во согласност со законот и професионалните стандарди, како и за да се осигураме дека ги користиме соодветните методологии, постапки и поставени процеси, паралелно со развојот на нови услуги. Доколку е потребно, ги прекинуваме или забрануваме услугите што може да ја изложат независноста на ризик. АПРСУ на нашите вработени им обезбедува информации во врска со услугите што ги нудиме. АПРСУ опфаќа и насоки во врска со услугите што може да им се обезбедуваат на клиенти кои се предмет на ревизија и на клиенти кои не се предмет на ревизија, како и прашања за независност и управување со ризик.

**Алатка за оценување деловни односи (АОДО)**

АОДО ни помага да се осигураме дека нашите деловни соработки се во согласност до барањата за независност. Нашите вработени треба ја користат АОДО во многу околности, со цел да проценат и добијат одобрение однапред за секој потенцијален деловен однос со клиент на ревизија.

**Одбори за ревизија и корпоративно управување**

*EY* ја препознава важната улога што одборите за ревизија и слични органи за корпоративно управување ја имаат при надгледувањето на независноста на ревизорот. Овластените и независни одбори за ревизија се од витално значење за акционерите при заштитата на независноста и спречувањето судири на интереси. Ние сме посветени на силна и редовна комуникација со одборите за ревизија и со оние што се задолжени за управување. Преку нашите програми за проверка на квалитетот, ние ја следиме и тестираме усогласеноста со нашите стандарди за комуникации со одборот за ревизија, како и за претходно одобрување на услуги, доколку е соодветно.



# Континуирано образование на овластените ревизори

**Професионален развој**

Рамката за развој на кариера на *EY* (EYU), им обезбедува на нашите луѓе можности за вистински искуства, учење и обуки за да им се помогне во развојот и достигнувањето на нивниот потенцијал.

Компонентата за учење на EYU се заснова врз широк и глобално доследен план на настава, којшто им помага на сите наши луѓе да ги развијат вистинските технички и лични водечки вештини без разлика на нивната местоположба во светот. Темелните курсеви за обука за ревизија се надополнети со програмите за учење коишто се развиваат како одговор на промените во стандардите за сметководство и известување, стандардите за независност и професионалните стандарди и проблемите кои се појавуваат во практиката. Ние бараме од нашите професионални ревизори да имаат најмалку 20 часа (Овластени ревизори во Македонија: 30) континуирана професионална едукација секоја година и најмалку 120 часа во период од три години. Од овие часа, 40% (8 часа секоја година и 48 часа во период од три години) мора да имаат технички предмети кои се поврзани со сметководство и ревизија.

За време на 2015 година, овластените ревизори посетија обуки од најмалку 30 часа годишно, во рамки на континуираниот професионален развој во областа сметководство и ревизија, организирани на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Како дополнување на формалното образование, професионалниот развој се одвива преку обуки и искуства кои ги стекнуваат нашите професионалци на работа. Обуката помага во преносот на знаењето и искуството во практика. Од искусните професионалци се очекува да го пренесат знаењето преку обуки и да го развијат помалку искусниот персонал за создавање средина за континуирано образование. Исто така, раководиме со назначувањето на нашите луѓе на посебни ангажмани на систематски начин, со што се осигуруваме дека се изложени на најразлични искуства, како дел од нивниот личен развој.

**Знаење и внатрешна комуникација**

Ние ја разбираме важноста на давање најнови информации на тимовите коишто работат кај клиентите кои се предмет на ревизија со цел да им се помогне во вршењето на професионалните одговорности.

*EY* направи значајни инвестиции во мрежите на знаење комуникација, со цел да овозможи брзо ширење на информации, и да им се помогне на луѓето да соработуваат и да споделуваат најдобри типови практика. Примерите вклучуваат:

- Алатка за глобално сметководство и информации за ревизија (АГСИР), којашро вклучува домашни и меѓународни стандарди во сметководството и ревизијата, како и насоки за толкување.
- Публикации како што се Меѓународни ОППС, развој на МСФИ и илустративни финансиски извештаи.
- *Светски вести за сметководство и ревизија* е неделен весник кој ги покрива светските политики и процедури за ревизија и независност, како и внатрешни коментари и насоки во врска со меѓународните сметководствени, ревизорски и независни случувања.
- *Гледна точка* и *Прегледи* на *EY* се публикации коишто обезбедуваат важна перспектива на моменталната јавна политика и регулаторните развои
- Известувањата за типови практика и емисии вклучуваат низа на глобални и домашни известувања за праксата и конкретни емисии за практиката во рамките на практиката на уверување.

**Управување со успешност во работењето**

Сеопфатниот процес за управување со успешност во работењето бара од нашите луѓе да поставaт цели, да имаат јасни очекувања од работата, да добиваат повратни информации и да зборуваат за својата успешност во работењето. Процесот за управување со успешност во работењето и развој (ПУУРР) е создаден да им помогне на нашите луѓе да се развиваат и да успеваат во својата кариера. Во рамките на ПУУРР, периодичните оценки на успешноста во работењето се комбинираат со годишно самооценување и годишни евалуации на успешноста и работниот учинок. Како дел од процесот на годишна евалуација, секој професионалец, заедно со својот советник (назначен, поискусен професионалец), ги препознава можностите за понатамошен развој. Професионалците и нивните советници се предводени од очекувањата што го прикажуваат знаењето, вештините и однесувањата што треба да се одржуваат и развиваат во соодветниот ранг. Овие очекувања произлегуваат и се во насока на глобалната стратегија и вредностите на *EY*.



# Приходи и надоместоци

## Финансиски информации

Долунаведените информации за *EY* Македонија претставуваат комбинирани, неконсолидирани приходи и вклучуваат фактурирани трошоци на клиенти, како и приходи што се поврзани со фактурирања на други компании-членки на *EY*. Исто така, износите на приходите што се обелоденети во овој извештај, вклучуваат како приходи од ревизорски така и од неревизорски клиенти.

Приходот е прикажан во согласност со сметководствените стандарди на Македонија. Приходите „Други услуги за уверување" вклучуваат сметководствени и финансиски услуги, одредени услуги на длабинска анализа и услуги поврзани со ризици, вклучително и внатрешни контроли, внатрешни ревизии, технологија и безбедност, усогласеност со прописите *Sarbanes-Oxley* (SOX), актуарски услуги, истражување измами и форензички услуги и други услуги на атестирање. Приходи од „Други неревизорски услуги" вклучуваат трансакции, проценки на вредност, подобрување на успешноста во работењето, реструктурирачки и други советодавни услуги.

**Финансиски информации за периодот што завршил на 31 декември 2015 година**

| Услуга | Приход (MKD) | Процент |
|---|---|---|
| Законска и договорна ревизија | 22.880.006 | 72,5% |
| Други услуги за уверување | 524.410 | 1,7% |
| Даночно советување | - | - |
| Други неревизорски услуги | 8.153.343 | 25,8% |
| Вкупно | 31.557.759 | 100% |

**Финансиски информации за периодот што завршил на 31 декември 2014 година**

| Услуга | Приход (MKD) | Процент |
|---|---|---|
| Законска и договорна ревизија | 21.042.828 | 60,13% |
| Други услуги за уверување | 894.400 | 2,56% |
| Даночно советување | - | - |
| Други неревизорски услуги | 13.059.771 | 37,32% |
| Вкупно | 34.996.999 | 100% |

## Исплаќање надомест на партнерите

Квалитетот е во срцта на нашата деловна стратегија и претставува клучна компонента на нашите системи за управување со успешност во работењето. Нашите партнери и други стручни лица се оценуваат и добиваат надоместок врз основа на критериуми што вклучуваат специфични показатели на квалитет и управување со ризици, а коишто се однесуваат и на активности и на резултати.

Процесот за глобално управување со успешност во работењето на партнерот (ГУУРП) е глобално конзистентен процес на оценување за сите партнери во компаниите-членки на *EY* низ целиот свет. Тој ја зајакнува глобалната деловна агенда преку поврзување на нивната успешност во работењето со пошироки цели и вредности. ГУУРП е постојан цикличен процес што вклучува поставување цели, планирање личен развој, преглед на успешноста во работењето и признанија и награди. Претставува основа на процесот за оценување, со којшто се документираат целите и работната успешност на партнерите. Целите на партнерот треба да отсликуваат различни глобални приоритети, меѓу коишто се вбројува и квалитетот.

Забрануваме оценување и давање надоместоци на одговорните партнери за ревизија и останатите клучни партнери кои работат на ревизорски ангажман, врз основа на продажба на неревизорски услуги на нивните ревизорски клиенти.
Ова ја зајакнува професионалната обврска на нашите партнери за зачувување на нашата независност и објективност.

Развивме посебни мерки за квалитетот на изведба и управувањето со ризик, за да се има предвид следново:

- Техничко искуство
- Животот според вредностите на *EY*, што се докажува со однесувањата и ставот
- Прикажување знаење и лидерство во областа на управувањето со квалитет и ризици
- Усогласеност со политиките и постапките
- Усогласеност со законите, прописите и професионалните практики
- Придонес кон заштитата и зајакнувањето на брендот на *EY*

Нашата филозофија за давање надомест на нашите партнери бара јасни разлики во наградите, во зависност од нивото на работна успешност на партнерот, што се мери со процесот ГУУРП. Партнерите се оценуваат на годишно ниво за нивната работна успешност во обезбедувањето квалитет, исклучителна услуга кон



клиенти и вклученост на луѓето покрај нашите финансиски и пазарни мерила.

**Управуваме со систем којшто подразбира лимитирање во оценувањето со цел севкупната финална годишна оцена на партнерот да биде секогаш усогласена со неговата оцена за квалитет.**

За да се утврдат различни пазарни вредности за различни вештини и улоги, и за да се привлечат и задржат поединци со голема успешност во работењето, следниве фактори се земаат предвид при пресметувањето на наградата:

- Искуство
- Улога и одговорност
- Долгорочен потенцијал
- Мобилност

Случаите на неусогласеност со стандардите за квалитет резултираат со казни, коишто може да вклучуваат и прилагодување на надоместокот, дополнителен надзор или прераспределување за друга работна задача. Повторувањето на неусогласување или сериозно непочитување на стандардите за квалитет може да резултира и со исклучување од ЕY Македонија.



# Прилог 1: Клиенти за ревизија на EY Македонија

Во текот на финансиската година што заврши на 31 декември 2015 година, *EY* Македонија ги изврши следниве ревизии:

Feniks Farm DOO Skopje

Hyperium DOOEL Skopje

Heta Assets Resolution Lizing DOOEL

Ideal Sipka DOOEL Bitola

Kemet Elektroniks Macedonia

Lactalis DOOELSkopje

Neptun DOO Skopje

NLB Lizing DOO Skopje

Orbiko Skopje

Publicist DOO Skopje

Sokotab DOO Bitola

Sport Vision Skopje

Van Hool DOOEL Macedonia

Visteon DOOEL Skopje

Во текот на финансиската година што заврши на 31 декември 2015 година, EY Македонија изврши законски ревизии на следниве ентитети од јавен интерес:

Albsig AD Skopje

Cementarnica Usje AD Skopje

KB Prvo penzisko drustvo AD Skopje

NLB Tutunska Banka AD Skopje

NPF Nov penziski fond AD Skopje

Ohridska banka AD Skopje

Sava Osiguruvanje AD Skopje

Sparkase banka Makedonija AD Skopje

Triglav Osiguruvanje AD Skopje

Wabtek MZT AD Skopje

Во текот на финансиската година што заврши на 31 декември 2015 година, EY Македонија ги изврши следниве договорни ревизии:

Adrialab DOO Skopje:

Amerikanska Stopanska Komora in Makedonija

Balkan Marbel Industri DOOEL

Endava Skopje

GIZ Skopje

G-Macedonia DOOEL Skopje

Kema DOO Skopje

Ministerstvo za trud i socijala (IBRD loan financed Project Audit)

Regional Economic Development (RED) Project

S-Lizing DOOEL Skopje

Tekstil Logistik Makedonija DOOEL Stip

Telelink DOO Macedonia

Wurth DOOEL Macedonia

NMC DOO Skopje

UNICEF Skopje

SWG RRD Skopje

Balka Eko Fruit DOO S.Nikole

Balkanska Mlekara DOOEL Skopje

Fruktal Mak AD Skopje



**Изјава од раководството за ефективноста на функционирањето на системот за контрола на квалитетот**

Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје, потврдува дека применетиот систем за внатрешна контрола на квалитетот е ефективен и ги задоволува меѓународните и локалните стандарди за контрола на квалитет.

Николај Гарнев
Раководен партнер за земјата, лидер за ревизија и управител на Друштвото
Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје

**Изјава за независноста на Друштвото за ревизија, со којашто се потврдува постоењето и извршувањето внатрешни процедури за проверка на усогласеноста на независност:**

Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје изјавува дека внатрешните процедури за проверка на усогласеноста на независност постојат и се спроведуваат (годишни изјави за независност од сите вработени на Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО и изјави за независност од членовите на тимовите на ниво на ангажмани).

Николај Гарнев
Раководен партнер за земјата, лидер за ревизија и управител на Друштвото
Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје

**Изјава за политиката и усогласеност на Друштвото за ревизија со условите за постојан професионален развој:**

Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје изјавува дека внатрешните политики за постојан професионален развој на овластените ревизори и другите вработени се во согласност со глобалните политики на ЕY и барањата на Законот за ревизија на Република Македонија.

Николај Гарнев
Раководен партнер за земјата, лидер за ревизија и управител на Друштвото
Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје

EY | Assurance | Tax | Transactions | Advisory

**About EY**
EY is a global leader in assurance, tax, transaction and advisory services. The insights and quality services we deliver help build trust and confidence in the capital markets and in economies the world over. We develop outstanding leaders who team to deliver on our promises to all of our stakeholders. In so doing, we play a critical role in building a better working world for our people, for our clients and for our communities.

EY refers to the global organization, and may refer to one or more, of the member firms of Ernst & Young Global Limited, each of which is a separate legal entity. Ernst & Young Global Limited, a UK company limited by guarantee, does not provide services to clients. For more information about our organization, please visit ey.com.

© 2015 Ernst & Young Certified Auditors Ltd.
All Rights Reserved.

BMC Agency
BACS 1002605

ED None

This material has been prepared for general informational purposes only and is not intended to be relied upon as accounting, tax, or other professional advice. Please refer to your advisors for specific advice.

ey.com